АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ** ЗА 2022 ГОДИНА



2022

**Содржина:**


1. Вовед ... 6

 1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2022 година ... 8

2. Фиксна телефонија ... 11

 2.1 Вкупен број на фиксни линии ... 14

 2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици ... 14

 2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација ... 15

3. Мобилна телефонија ... 23

 3.1 Број на активни претплатници ... 24

 3.2 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник ... 26

 3.3 Вкупен појдовен телефонски сообраќај ... 27

 3.4 Испратени СМС и ММС пораки ... 31

4. Пристап до интернет ... 34

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ... 43

6. Изнајмени линии ... 46

7. Преносливост на броеви ... 48

9. Нотифицирани оператори ... 53


**Содржина: Графикони и табели**


Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2022 година) 7

Графикон 2-Процентуален удел на услугите на пазарот на електронски комуникации одделно во однос на вкупните приходи од пазарот на електронските комуникации во 2022 година 10

Графикон 3 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 15

Графикон 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.12.2022 година) 16

Графикон 5 - Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницирал од јавни телефонски мрежи на фиксна локација во 2022 година 17

Графикон 6 - Удел на алтернативните оператори според реализиран појдовен телефонски сообраќај (во минути) по квартали во 2022 година 18

Графикон 7 - Удел на алтернативните оператори според број на реализирани повици по квартали во 2022 година 19

Графикон 8 - Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирал од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2022 и 2021 година 20

Графикон 9 - Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2022 и 2021 година. 21

Графикон 10 - Број на активни претплатници по квартали 2022 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 24
Графикон 11 - Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во 2022 година 25
Графикон 12 - Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во 2022 година 26
Графикон 13 - Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2022 година 26
Графикон 14 - Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницирак од јавни мобилни мрежи по квартали во 2022 година 27
Графикон 15 - Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути за 2022 година во %) 28
Графикон 16 - Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницирак од јавна мобилна комуникациска мрежа во 2022 и 2021 година 29
Графикон 17 - Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во 2022 и 2021 година 30
Графикон 18 - Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во 2022 година 31
Графикон 19 - Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во 2022 година 31
Графикон 20 - Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (големопродажно ниво) во 2022 година 33
Графикон 21 - Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во 2022 година 37
Графикон 22 - Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во 2022 година 38
Графикон 23 - Удел на операторите според приходи остварени од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во 2022 година 38
Графикон 24 - Удел на операторите во вкупниот број на активни M2M (machine to machine) СИМ картички во 2022 година 39
Графикон 25 - Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во 2022 година 39
Графикон 26 - Удел на операторите во вкупниот број на испратени СМС пораки од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во 2022 година 40
Графикон 27 - Удел на операторите според приходи остварени од активните M2M (machine to machine) СИМ картички во 2022 година 40
Графикон 28 - Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во 2022 година* 41
Графикон 29 - Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег во 2022 година 42
Графикон 30 - Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во 2022 година 45
Графикон 31 - Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во 2022 година* 45
Графикон 32 - Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 31.12.2022 година 48
Графикон 33 - Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 31.12.2022 година) 49
Графикон 34 - Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 31.12.2022 година) 49

Графикон 35 - Соодност претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет во 2022 година 51
Графикон 36 - Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2022 година 52
Графикон 37 – Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во 2022 година 52

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти 6
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2022 година 8
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација 12
Табела 4 - Просечно времетраење на иницирaн разговор по претплатник (во минути) во 2022 и 2021 година 22
Табела 5 - Индикатори- мобилна телефонија 23
Табела 6 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор 29
Табела 7 Индикатор- Големопродажба 32
Табела 8 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег 35
Табела 9 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за 2022 година 41
Табела 10 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници 44
Табела 11 Индикатори- изнајмени линии 46
Табела 12 Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво* 47
Табела 13 - Индикатори – Услуги врзани во пакет 50

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.03.2016 година како и на Извештајот за вкупен годишен приход кој што се доставува до Агенцијата еднаш годишно согласно Упатството за формата, содржината и начинот на доставување на Извештај за вкупен годишен приход на оператор или давател на услуга остварен со употреба на јавни комуникациски мрежи и давање на јавни комуникациски услуги. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведената година. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја или последователни години. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

# 1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1206/1 од 15.03.2016 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во 2022 година се содржани следниве податоци:

**Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти**

| **Услуги за нотификација на субјекти** | | |
|---|---|---|
| **У1** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани -12** | **Активни – 12** |
| **У2** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани – 10** | **Активни – 5** |
| **У3** | Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани – 17** | **Активни – 17** |
| **У4** | Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на Интернет или широкопојасен пристап на Интернет ( битска брзина ≥ 256 kbit/s ) | |
| | **Нотифицирани – 79** | **Активни - 76** |
| **У5** | Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос на терестријални радио програмски сервиси, пренос на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси | |
| | **Нотифицирани – 40** | **Активни - 39** |
| **У6** | Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап. | |
| | **Нотифицирани – 39** | **Активни - 23** |
| **У7** | Други услуги | |
| | **Нотифицирани – 10** | **Активни – 10** |




**<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.12.2022 година)**

## 1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2022 година

**<u>Табела 2</u> Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во 2022 година**

| ИНДИКАТОР | | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 438.586 | 425.646 | 3,04% |
| 2. | Број на фиксни линии според популација 100 | 23,87 | 20,57 | 16,04% |
| 3. | Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.932.871 | 1.941.352 | -0,44% |
| 4. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100 | 105,23 | 93,83 | 12,15% |
| 5. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни мрежи) | 515.331 | 498.779 | 3,32% |
| 6 | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G/4G) | 1.458.377 | 1.416.911 | 2,93% |
| 7 | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 441.882 | 426.865 | 3,52% |
| 8 | Вкупно приходи (во илјади денари) од пазарот на електронски комуникации | 19.140.511 ден. | 17.920.596 ден. | 6,81% |
| У1-Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај | | 2.019.226 ден. | 1.998.928 ден. | 1,02% |

| ИНДИКАТОР | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|
| У2-Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа за национален и/или меѓународен сообраќај | 7.234.653 ден. | 7.335.682 ден. | -1,38% |
| У3-Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и /или меѓународен сообраќај | 1.925.668 ден. | 1.702.480 ден. | 13,11% |
| У4-Услуги за пренос на податоци | 5.338.021 ден. | 4.469.349 ден. | 19,44% |
| У5-Услуги поврзани со радиодифузија | 1.776.111 ден. | 1.592.839 ден. | 11,51% |
| У6-Услуги на давање на јавна електронска комуникациска мрежа под наем | 404.896 ден. | 365.568 ден. | 10,76% |
| У7-Други услуги | 441.936 ден. | 455.750 ден. | -3,03% |

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за 2022 и 2021 година и промената изразена во проценти. Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100 за 2021 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население (2.068.808) согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2020 година додека за 2022 година се пресметани според проценката од 31.12.2021 година која изнесува 1.836.713 жители. Во табелата 2 податоците за бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар. Во однос на вкупните приходи остварени на пазарот за електронски комуникации како што може да забележи од табелата 2 во 2022 година во однос на 2021 година може да се забележи зголемување од 6,81%. Вкупниот износ на приходите за 2022 година е пресметан врз основа на податоците за остварени приходи доставени во Извештаите за вкупни годишни приходи на оператори на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги во 2022 година. Податоците за остварените приходи од обезбедување на електронски комуникациски услуги, операторите ги доставија согласно измените во Правилникот за методологијата за пресметување на годишниот надомест за надзор на пазарот за електронски комуникации (Сл. Весник на РМ бр.30 од 15.12.2017 година) а согласно извршената нотификација во АЕК.




**Графикон 2-Процентуален удел на услугите на пазарот на електронски комуникации одделно во однос на вкупните приходи од пазарот на електронските комуникации во 2022 година**

## 2. Фиксна телефонија

Од 12 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2022 година година 12 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. А1 Македонија- Скопје,
3. Роби- Штип,
4. Неотел- Скопје,
5. Актон-Скопје,
6. Алтра Сат-Охрид,
7. Интерспаце – Скопје,
8. Фреемобиле – Скопје,
9. Мултимедија – Гостивар,
10. ГОУ Нет – Скопје,
11. Софтнет ЕУ – Скопје,
12. Мепсо АД – Скопје,

**<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација**

| ИНДИКАТОР | | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 438.586 | 425.646 | 3,04% |
| -резиденцијални | | 384.461 | 373.357 | 2,97% |
| -деловни | | 54.125 | 52.289 | 3,51% |
| 2. | Поделба на фиксни линии - според технологии | 438.586 | 425.646 | 3,04% |
| 2.1. | Бакар аналогни PSTN линии | 459 | 816 | -43,75% |
| -резиденцијални | | 194 | 410 | -52,68% |
| -деловни | | 265 | 406 | -34,73% |
| 2.2. | Бакар ISDN линии | 360 | 321 | 12,15% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | / |
| -деловни | | 360 | 321 | 12,15% |
| 2.3. | Бакар ISDN BRA линии | 360 | 321 | 12,15% |
| -резиденцијални | | 0 | 0 | / |
| -деловни | | 360 | 321 | 12,15% |
| 2.4. | Телефонска линија со 2 канали - | 3.492 | 2.604 | 34,10% |
| -резиденцијални | | 5 | 6 | -16,67% |
| -деловни | | 3.487 | 2.598 | 34,22% |
| 2.5. | Бакар ISDN PRA-линии | 0 | 0 | 0,00% |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% |
| 2.6. | Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP | 129 | 156 | -17,31% |
| -деловни | | 129 | 156 | -17,31% |
| 2.7 | Бакар (VoIP) | 127.552 | 141.021 | -9,55% |
| -резиденцијални | | 114.436 | 124.996 | -8,45% |
| -деловни | | 13.116 | 16.025 | -18,15% |
| 2.8. | Линии преку безжични технологии | 88.829 | 80.542 | 10,29% |
| -резиденцијални | | 77.472 | 70.949 | 9,19% |
| -деловни | | 11.357 | 9.593 | 18,39% |
| 2.8.1 | WiMax (VoIP) | 3.666 | 3.684 | -0,49% |
| -резиденцијални | | 3.339 | 3.341 | -0,06% |
| -деловни | | 327 | 343 | -4,66% |
| 2.8.2 | Преку мобилни комуникациски мрежи | 85.027 | 76.858 | 10,63% |
| -резиденцијални | | 74.058 | 67.608 | 9,54% |
| -деловни | | 10.969 | 9.250 | 18,58% |
| 2.8.3 | Wi-Fi (VoIP) | 136 | 0 | 100% |
| -резиденцијални | | 75 | 0 | 100% |
| -деловни | | 61 | 0 | 100% |

| ИНДИКАТОР | | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 2.9.1 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) | 19.812 | 22.303 | -11,17% |
| -резиденцијални | | 17.523 | 19.829 | -11,63% |
| -деловни | | 2.289 | 2.474 | -7,48% |
| 2.9.2 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) | 85.544 | 80.622 | 6,11% |
| -резиденцијални | | 79.733 | 75.007 | 6,30% |
| -деловни | | 5.811 | 5.615 | 3,49% |
| 2.10 | LAN (VoIP) | 9.885 | 11.005 | -10,18% |
| -резиденцијални | | 8.899 | 9.945 | -10,52% |
| -деловни | | 986 | 1.060 | -6,98% |
| 2.11 | FTTx (VoIP) | 102.524 | 86.256 | 18,86% |
| -резиденцијални | | 86.199 | 221 | 38904,07% |
| -деловни | | 16.325 | 14.035 | 16,32% |
| 3. | Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор | / | / | / |
| 4. | Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор | / | / | / |
| 5. | Вкупен број на повици | 33.851.611 | 44.017.858 | -23,10% |
| -број на повици во сопствена фиксна мрежа | | 11.848.483 | 16.786.827 | -29,42% |
| -број на повици во сопствена мобилна мрежа | | 9.549.710 | 11.558.454 | -17,38% |
| -број на повици кон други фиксни мрежи во РМ | | 4.404.559 | 6.385.707 | -31,02% |
| -број на повици кон други мобилни мрежи во РМ | | 7.663.560 | 8.691.200 | -11,82% |
| -број на повици кон мрежи во странски држави | | 385.299 | 595.670 | -35,32% |
| 6. | Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути) | 103.426.645 | 132.995.869 | -22,23% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна мрежа | | 43.222.105 | 57.885.892 | -25,33% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна мрежа | | 22.681.728 | 26.750.716 | -15,21% |
| -Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | | 16.551.910 | 24.819.028 | -33,31% |
| -Вкупен сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | | 19.464.183 | 21.368.237 | -8,91% |
| -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | | 1.505.719 | 2.171.996 | -30,68% |
| 7 | Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор | / | / | / |
| 8 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (национално завршување на повик ) | 102.017.565 | 156.530.356 | -34,83% |
| 9 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен транзит | 894.640 | 34.515.922 | -97,41% |

## 2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.
Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во 2022 година е зголемен за 3,04% во споредба со 2021 година.
Бројот на PSTN линиите во однос на претходната година е намален за 43,75%, бројот на ISDN линиите бележат раст од 12,15% во однос на 2021 година. Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 9,55% за периодот од една година.
Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во 2022 година изнесува 88.829 односно може да се забележи раст од 10,29% во однос на претходната година.
Бројот на линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) бележи пад од 11,17% за период од една година додека за истиот период бројот на линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0(VoIP) бележи раст од 6,11%.
Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 9.885 и бележи пад од 10,18% во однос на претходната година. Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ- Струга, Спајдер- Гевгелија, Винсат- Виница, Пирамида- Делчево, Вива Нет- Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.
Како што може да се забележи од табелата во 2022 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 102.524 бележи раст од 18,86% за период од една година.

## 2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за 2022 и 2021 година. Имено, и покрај тоа што на пазарот понудата се зголемува односно работат повеќе оператори кои нудат различни услуги до крајните корисници целокупниот обем на сообраќај во 2022 година во однос на претходната бележи опаѓање за 22,23%. Истото се забележува и во однос на вкупниот број на појдовни повици, тој параметар во однос на 2021 година е намален за 23,10%.

## 2.3 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во 2022 година забележува пад од 34,83% во однос на претходната година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен транзит), овој сообраќај во 2022 година изнесува 894.640 минути и во однос на 2021 година бележи пад од 97,41%.




**<u>Графикон 3</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали**

Во графиконот бр.3 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во сите четири квартали од 2022 година. Бројот на фиксни линии според популација 100 во погоре прикажаните четири квартали прикажува константен раст и во четвртиот квартал од 2022 година изнесува 23,87. Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 во четирите квартали од 2022 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2021 година која изнесува 1.836.713 жители.




**<u>Графикон 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.12.2022 година)**

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во 2022 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 51,20%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има А1 Македонија со 42,29%, понатаму следуваат: Роби 3,98%, Неотел 1,92% и Актон 0,61%.




**Графикон 5 - Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницирал од јавни телефонски мрежи на фиксна локација во 2022 година**

Во графиконот бр.5 е прикажан обемот на појдовен сообраќај иницирал од јавни телефонски мрежи на фиксна локација (во илјади минути) за 2022 година. Од самиот графикон може да се забележи дека најголем дел од вкупниот обем на појдовен сообраќај се остварува во сопствена фиксна мрежа и во 2022 година по квартали се движи од 12.716,3 до 9.468,1 минути (во илјади). Сообраќајот кон други фиксни мрежи е значително помал и во кварталите се движи од 3.625,2 до 4.842,6 минути (во илјади). За појдовниот сообраќај во сопствена мобилна мрежа може да се забележи пад за период од една година од 6.005,1 до 5.503,0 минути (во илјади). Појдовниот сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ бележи раст за период од една година од 4.973,6 до 5.002,5 минути (во илјади). Сообраќај кон мрежи во странски држави бележи пад за период од една година од 423,2 до 329,2 минути (во илјади).




**Графикон 6 - Удел на алтернативните оператори според реализиран појдовен телефонски сообраќај (во минути) по квартали во 2022 година**

Во графикон бр.6 се прикажани уделите на алтернативните оператори според реализиран појдовен телефонски сообраќај претставен во минути. Како што може да се забележи алтерантивните оператори имаат најголем удел во однос на сообраќајот кон други фиксни мрежи а најмал удел во однос на сообракајотво сопствена мобилна мрежа. Уделот во вкупниот сообраќајот кон мрежи во странски држави на алтернативните оператори е релативно висок.




**Графикон 7 - Удел на алтернативните оператори според број на реализирани повици по квартали во 2022 година**

Во графикон бр.7 се прикажани уделите на алтернативните оператори во вкупниот број на реализирани повици по дестинации. Како што може да се забележи состојбата е еквивалентна со онаа од графиконот бр.9 односно дека најголем удел во вкупниот број на реализирани повици по дестинации се кон други фиксни мрежи во РМ а најмал е уделот во бројот на повици во сопствена мобилна мрежа.




**<u>Графикон 8</u> - Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2022 и 2021 година**

Во графиконот бр.8 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во 2022 и 2021 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2022 година претплатниците просечно иницирале 6,53 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 2,28 повици (34,98%). Бројот на повици во сопствена мобилна мрежа изнесува 1,84 повици (28,20%), бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ изнесува 0,85 повици (13,03%). Кон други мобилни мрежи и кон мрежи во странски држави изнесуваа 1,48 повици (22,61%) односно 0,08 повици (1,19%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2021 година може да се забележи дека просечниот број на повици е намален кон сите дестинации.




**Графикон 9 - Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во 2022 и 2021 година.**

Во графиконот бр. 9 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација 2022 и 2021 година. Како што може да се забележи од графиконот во 2022 година претплатниците просечно зборуваат 19,91 минути. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 8,32 минути (41,80%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 3,19 минути (16,02%) сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 4,37 минути (21,92%) додека пак сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 3,74 минути (18,80%) односно 0,29 минути (1,46%) кон мрежи во странски држави. Споредено со 2021 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации.

| Бр. | ОПЕРАТОР | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 3,02 | 2,86 | 5,59% |
| 2 | А1 Македонија | 3,42 | 3,84 | -10,94% |
| 3 | Неотел | 2,22 | 2,29 | -3,06% |
| 4 | Роби | 4,47 | 4,80 | -6,88% |
| 5 | Актон | 1,46 | / | / |

**Табела 4 - Просечно времетраење на инициран разговор по претплатник (во минути) во 2022 и 2021 година**

Во табела 4 е дадено просечното времетраење на инициран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за 2022 и 2021 година, како и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во 2022 година кај просечното времетраење на инициран разговор по претплатник во однос на претходната година раст бележи само операторот Македонски Телеком.

## 3. Мобилна телефонија

Од 10 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во 2022 година 6 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа:

1. Македонски Телеком АД Скопје,
2. А1 Македонија Скопје,
3. Лајкамобајл – Скопје,
4. Роби – Штип,
5. Греен Мобиле – Прилеп,
6. МТЕЛ – Скопје.

**<u>Табела 5</u> - Индикатори- мобилна телефонија**

| Бр | ИНДИКАТОР | 2022 | 2021 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.932.871 | 1.941.352 | -0,44% |
| -резиденцијални при-пеид претплатници | | 739.078 | 780.097 | -5,26% |
| -резиденцијални пост-пеид претплатници | | 944.394 | 912.660 | 3,48% |
| -деловни пост-пеид претплатници | | 249.399 | 248.595 | 0,32% |
| 2. | Број на испратени SMS пораки | 249.618.463 | 267.113.608 | -6,55% |
| 3. | Број на испратени MMS пораки | 1.545.682 | 1.616.817 | -4,40% |
| 4. | Вкупен реализиран сообраќај (минути) | 5.591.959.374 | 5.958.329.319 | -6,15% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа | | 3.592.289.481 | 3.886.860.729 | -7,58% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна комуникациска мрежа | | 46.810.750 | 53.886.243 | -13,13% |
| -Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | | 1.862.823.472 | 1.930.698.312 | -3,52% |
| -Вкупен сообраќај кон други фиксни комуникациски мрежи во РМ | | 53.076.381 | 60.276.582 | -11,95% |
| -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | | 9.605.210 | 10.815.307 | -11,19% |
| -Вкупен сообраќај остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата | | 27.354.080 | 15.792.146 | 73,21% |
| 5. | Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи | 2.505.576.621 | 2.570.490.408 | -2,53% |
| -Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа | | 1.621.905.135 | 1.683.411.635 | -3,65% |
| -Вкупен број на повици во сопствена фиксна комуникациска мрежа | | 27.085.922 | 30.354.165 | -10,77% |
| -Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | | 826.995.103 | 824.766.331 | 0,27% |
| -Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ | | 25.483.939 | 27.870.373 | -8,56% |
| -Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави | | 4.106.522 | 4.087.904 | 0,46% |

Во Табела бр.5 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за 2022 и 2021 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот пад од 0,44% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во 2022 година во однос на претходната година. Бројот на резиденцијални пост-пеид претплатници се зголемува за 3,48% за период од една година, додека деловните бележат раст од 0,32% за истиот период.

Од табелата може да се забележи намалување на бројот на испратени СМС пораки во однос на 2021 година кое изнесува 6,55% додека кај вкупниот број на испратени ММС пораки во 2022 година има пад од 4,40% во однос на претходната година.

Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има намалување од 6,15% во 2022 година во однос на 2021 година. Од вкупно реализираниот сообраќај во 2022 година може да се забележи раст во однос на претходната година на сообраќајот остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата. Кон сите други дестинации може да се забележи пад на сообраќајот во однос на 2021 година.

Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи во 2022 година може да се забележи пад од 2,53% во однос на претходната година. Кај бројот на повици поделен по дестинации може да се забележи пад на бројот на повици кон сите дестинации во споредба со 2021 година со исклучок на повиците кон други мобилни мрежи и вкупен број на повици кон мрежи во странски држави.

## 3.1 Број на активни претплатници




**Графикон 10 - Број на активни претплатници по квартали 2022 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100**

Во графиконот бр.10 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во текот на сите четири квартали од 2022 година. Вредноста на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 во сите четири квартали од 2022 година е пресметан врз основа на проценката за бројот

на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2021 година која изнесува 1.836.713 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 31.12.2022 година сите оператори имаат вкупно 1.932.871 активни претплатници.




**Графикон 11 - Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во 2022 година**

Податоците од Графиконот бр.11 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници во 2022 година покажува дека Македонски Телеком учествува со 47,83%, А1 Македонија учествува со 47,83%, Лајкамобајл има пазарен удел од 2,88%, Роби има пазарен удел од 1,23%, МТЕЛ има пазарен удел од 0,12% додека Греен Мобиле има пазарен удел од 0,11% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.




**Графикон 12 - Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во 2022 година**

Во графиконот бр.12 е даден пазарниот удел на мобилните оператори во РМ во приходите остварени од обезбедување на мобилни комуникациски услуги на малопродажниот пазар за 2022 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарниот удел има Македонски Телеком со 51,25% додека А1 Македонија има пазарен удел од 47,15%, Роби има 0,68%, Лајкамобајл има пазарен удел од 0,60%, Греен Мобиле со 0,31% и МТЕЛ 0,01%. Пазарните удели се пресметани за вкупниот приход кој претставува сума од приходи од: услуга за започнување на повик, од месечна претплата, од пренос на податоци, од терминална опрема, од СМС, од ММС, од роаминг (сообраќај, СМС и дата) и останати приходи.

## 3.2 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник




**Графикон 13 - Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2022 година**

Во графиконот бр.13 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2022 година. Од графиконот може да се забележи дека во четвртиот квартал 2022 година

пазарниот удел на пост-пеид претплатниците бележи раст од  1,03 процентуални поени во однос на прввиот квартал од 2022 година.

### 3.3 Вкупен појдовен телефонски сообраќај




| | 2022/1 квартал | 2022/2 квартал | 2022/3 квартал | 2022/4 квартал |
|---|---|---|---|---|
| Сообраќај во сопствена мобилна мрежа | 908.980,60 | 904.532,30 | 884.811,50 | 893.964,90 |
| Сообраќај во сопствена фиксна мрежа | 12.045,30 | 11.834,40 | 11.804,60 | 11.126,20 |
| Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | 466.655,70 | 464.324,60 | 458.393,90 | 473.449,10 |
| Сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | 14.012,00 | 13.173,60 | 13.165,10 | 12.725,50 |
| Сообраќај кон мрежи во странски држави | 2.457,20 | 2.239,40 | 2.586,00 | 2.322,40 |

**Графикон 14 - Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницииран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2022 година**

Во Графиконот бр.14 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницииран од јавни мобилни мрежи во 2022 година. Од графиконот може да се забележи поголем обем на појдовен сообраќај во сопствена мобилна мрежа отколку кон други мобилни мрежи. Појдовниот сообраќај во сопствена фиксна мрежа, сопствена мобилна мрежа, кон други фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.




**Графикон 15 - Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути за 2022 година во %)**

